Влада на Република Северна Македонија

Бр.40-130/3
Скопје, 19 јануари 2021 година

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

СКОПЈЕ

ИЗВАДОК
од Нацрт – записникот од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јануари 2021 година

„ТОЧКА 1: Записник од Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 јануари 2021 година

Владата го разгледа Записникот од Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 јануари 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 јануари 2021 година.

2. Да се продолжи работното време на угостителските објекти наместо до 18 часот да биде до 21 часот, а исклучок од оваа мерка да бидат угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св.Апостол Павле“ во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти.

Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена."

ПРИЛОГ 1: Записник

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зекири

ДОСТАВЕНО И ДО:
- **сите државни институции**
- ЗЕЛС
- **Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија**
- **стопанските комори**
- **Главен штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи**

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Контролирал: м-р Биљана Цоневска / м-р Ирма Мандева
Согласен: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Одобрил: Дејан Јакимовски

Врз основа на член 28 став (8) и член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јануари 2021 година, донесе

О Д Л У К А

за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена

Член 1

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20, 269/20, 275/20, 287/20, 292/20, 298/20, 304/20, 306/20 и 317/20), во членот 13, во точката 11, во ставот 1 зборовите „по 18.00 часот“ се заменуваат со зборовите „по 21.00 часот“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Исклучок од став 1 на оваа точка се угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св.Апостол Павле“ во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти.“

Точката 12. се брише.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.40-678/1
19 јануари 2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев